**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**ОСНОВЕН СУД ДЕБАР**
**GJYKATA TEMELORE DIBËR**
**СУ. бр.22/2021**
**24.12.2021 год./viti**
**ДЕБАР/DIBËR**

Претседателот на судот Мерсим Марку , согласно чл.88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006; 62/2006; 35/2008,150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019), по претходно мислење од седница на судии од 21.12.2021, на ден 24.12.2021 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ЗА 2022 ГОДИНА

Со ова Програма се определуваат работите и задачите од делокругот на Основниот суд Дебар, а посебно видот и бројот на предметите по кои постапува, следење на судската практика, а се во интерес за правилна и единствена примена на законите.

Основниот суд Дебар е Суд со основна надлежност, со месна надлежност за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа.

Со одлука на Судски совет на РСМ, во Основен суд Дебар предвидено е 5- пет судски места.

При изготвување на Програмата за работа на Судот за 2022 година, во Основниот суд Дебар, пополнети се 4-четири судиски места, од кои едно е во мирување од 01.03.2021 година, поради именување на судијата Илир Исени, за Зам.директор на Академијата за судии и јавни обвинители Скопје, што занчи во 2022 година во Судот судската фунција ќе ја извршуваат тројца судии, во која бројка влегува и Претседателот на судот.

**<u>Програмски цели</u>**

Целите и функциите утврдени со оваа Програма, го опфаќаат следното:

**1**. Навремено и квалитетно решавање на предметите што се во надлежност на Судот,

**2**. Заштита и почитување на човековите права и слободи,

**3.**Непристрасноприменување на правото без оглед на положбата и својството на странките,

**4.**Правна сигурност и создавање услови, секој човек да живее безбедно, во рамките и примената на правото.

**5**.Следење на Планот за намалување на заостатокот на стари нерешени предмети.

**6**.Следење на судската практика на Апелациониот суд Гостивар и Врховниот суд, соработка со Академијата за судиии и обвинители, во врска со едукација на судиите и судските службеници,

Целите и функците на програмата на основниот суд Дебар ќе се остварува со:

Професионално, стручно и објективно постапување по сите видови предмети кои се во надлежност на Судот, со почитување на сите рокови определени со процесните и материјалните прописи од содветната област на која и припаѓаат предметите.

Во решавањето на предметите секој судија е должен е да ја оствари ориентационата норма утврдена со одлука на Судскиот совет на РСМ.

Старите нерешени предмети ќе бидат приоритет во постапувањето на секој судија во текот на 2022 година и ќе се настојува да се решат сите предмети за кои не постои објективна пречка.

Секој судија и судски службеник е должен да се усовршува преку следење на донесувањето и измените на законите, преку пратење на судската пракса и со учество на обуки-семинараи организирани од Академијата за судии и обвинители Скопје.

Во 2022 година, работата во Основниот суд Дебар, ќе се остварува во две одделенија-кривично и граѓанско.

Во рамките на Судот ќе продолжи да работи Работното тело за управување со движење на предметите.

На крајот на година заклучно со 31.12.2021 година, во Судот биле вкупно 24 вработени од кои 3-три судии, 26 судски службеници од кои 2-два на определено време, заклучно со 31.12.2021година , 1-еден работник хигеничар и 4 припадници на полиција.

Судот располага со две судници, од кои едната е опрема со систем тонско снимање.
Записничарите кои работат со судии, се сместени во истата просторија со судијата.
Стручните и административните службеници сместени се во посебни простори-канцеларии, во која имаат техничка опрема за работење.

Во 2022 година се планира реконструкција на кровот на судската зграда – стар дел, бидејќи истиот е оштетен и при врнежи на дожд или снег доаѓа до прокиснување и оштетување на таваните и подните пологи во канцелариите каде се сместени админстративниот персонал.

**<u>РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ</u>**

**-Кривично одделение**

Во кривичното одделение ќе работи судијата Оруч Абазовски и тоа по кривични полнолетни, прекршочни предмети и други предмети од кривично и прекршочна материја, согласно Распоредот за работа на судот за 2022 година. Во случај на спреченост на судијата во кривичното одделение, по кривичните предмети ќе постапува судијата Мерсим Марку. Во кривичното одделение се распоредуваат судските службеници:

Судскиот соработник Ханил Буфи, Вишиот судски референт Ракип Карпузи, Судскиот референт Афердита Дема и Судскиот референт Алберт Марку.

Во 2022 година се очекува во кривичното одделение по сите основи да има вкупно 1630 предмети од кои 655 со норма и 1975 без норма.

За решавањето на предметите според редот на приемот или првенствено земање во работа на итни и други приоритетни предмети, непосредно ќе се грижи судијата кој постапува по предметот и Претседателот на Судот.

Судијата кој постапува по предметите должен е на секој три месеци да го известува Претседателот на судот за нерешените предмети во определен рок со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

Во рамките на Кривичното одделние ќе работат и следните совети:

Кривичен совет во смисла на член 25 ст. 5 од ЗКП и Кривичен совет за условен отпуст. Советите се во состав од судиите како во Распоредот за работа на Судот за 2022 година.

**-Граѓанско одделение**

Во 2022 година Граѓанското одделение ќе работат двајца судии и тоа: Судијата Дамјан Илоски и Претседателот на судот судијата Мерсим Марку.

Во 2022 година во Граѓанското одделение се очекува да има по сите основи околу 3657 предмети од кои 135 со норма и 3522 без норма.

Во Граѓанското одделение се распоредуваат и стручните службеници: Судскиот соработник Мевмед Муратоски, помл.судски соработник Зеќије Аџиреџа, како и административните судски службеници: Самостоен судски референт Арета Пекмези и помл.судски референт Бурхан Фишта.

Судијата кој постапува по предметите должен е на секој три месеци да го известува Претседателот на судот за нерешените предмети во определен рок со писмен извештај наведувајќи ги причините за доцнењето.

Заклучно со Август 2021 година по предметите оставина постапуваше еден повереник нотар. Во периодот август- септемри 2021 година, избрани се двајца нотари за подрачјето на Основен суд Дебар, па поради тоа 2022 година се очекува да се зголеми бројот на решавање предметите оставина, а со тоа да намали заостатокот на нерешени предмети оставина.

Во 2022 година се очекува да се зголеми бројот на решавање на преметите оставина доверени во работа на нотар, бидеќи во 2021 година за подрачјето за основен суд Дебар именувани се уште два нотари.

**<u>Судска пракса</u>**

Претседателот на Судот и судиите, го определуваат начинот на кој ќе се следи судската пракса и ќе се евидентираат заклучоците од страна Апелациониот суд Штип и

правните мислења и начелни ставови донесени од страна на Врховен суд. Ќе се евидентираат одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбург, одлуките на Врховен суд на РСМ во кои има нови правни мислења и ставови, стручните трудови и осврти објавени во Билтени на Судската пракса, Заземени правни становишта на Апелациониот суд Гостивар, сентенци и други материјали во Билтенот за Судска пракса на Апелационен суд Гостивар, како и други материјали од важност за судската пракса.

Во 2022 година по онос на следењето на судската пракса , се определува Судијата Дамјан Илоски, а евиденција ќе води помл.судски осработник Зеќије Аџиреџа.

**Претседателот ан судот**

**-Судска управа**

Во делокругот и функционалната надлежност Претседателот на Судот се предметите судска управа (СУ, СУ-ДОВ, СУ-СТР-ДОВ, УПП, СУ-ИЗЗ, СПИ) како и предмети ЗАВ-Х и Разни кривични предмети.

Во 2022 година од предметите судска управа се очекува да има околу 407 предмети.

Претседателот на Судот  ќе се грижи за ажурното работење на Судот во сите делови од работа и ќе превзема мерки во таа насока согласно закон и Судскиот деловник.

Престедателот на судот, ќе ја следи работата на судиите преку АКМИС програмата и извештаите за движење на предметите во Судот изготвени од Работното тело за движење и управување со предметите во судот.

Во 2022 година посебно ќе се обрне внимание на решавање на старите нерешени предмети. Судот планира во 2022 година од предметите во работа на судии, да нема постари предмети од 1 година, освен оние предмети кои од објективни причини нема услови да се решат во законски рокови.

Во 2022 година ќе се изготвуаат збирни прегледи и информации:

-Преглед за укинати и преиначени одлуки по уписници,
-Преглед за постапување по УПП предмети,и
-Преглед за состојбата со стари нерешени предмети
Ваквите прегледи ќе бидат изработени месечно до 15-ти во месецот за претходниот месец.

Секој работник од административниот технички песронал е должен да води евиденција за своите извршени работни обврски кои ќе послужат при оценка на неговото работење.

Во групата на административни судски службеници, во 2022 година, се планира да се пополнат три упразнети работни места и тоа: Виш судски референт архивар, Судски референт за прием и експедиција на пошта.

Во 2022 година, покрај редовните јавни набавки судот, планира јавна набавка на услуги-градежни работи (реконструкција на кровот на зградата на судот-стар дел).

Судската полиција е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите, да се обучува согласно Програмата за обука на судската полиција и Актите на Министерство за правда. Секој судски полицаец кој е на смена да води евиденција за легитимирање на странките кои влегуваат и излегуваат од Судот.

Во текот на 2022 година континуирано ќе се ажурираат податоците во ВЕБ страната на Судот, на која се објавуваат сите потребни податоци и информации за работењето на Судот.

По потреба ова Програма во текот на годината, соодветно ќе биде дополнета, заради ажурно и ефикасно работење на судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**MERSIM MARKU**